Акционерско друштво за осигурување
ГРАВЕ
Бр. 2015-0301-4129
04.12. 2015 год.
СКОПЈЕ

# ПОСЕБНИ УСЛОВИ ЗА ОСИГУРУВАЊЕ НА ЖИВОТ ЗА КОРИСНИЦИ НА КРЕДИТ

## ЛВ 81102/2006

Член 1. Општи одредби
Член 2. Обем на покритие
Член 3. Склучување на договор
Член 4. Услови на осигурување
Член 5. Осигуреници
Член 6. Осигурен износ
Член 7. Неможност за побивање
Член 8. Премија за осигурување и пристапна старост
Член 9. Почеток на осигурување и осигурително покритие
Член 10. Исклучување на покритие
Член 11. Понуда за осигурување и осигурително покритие
Член 12. Предвремен раскин и зголемување на кредитот
Член 13. Пријава и утврдување на штета
Член 14. Промена на корисник на осигурување

### Општи одредби
### Член 1.

**Корисник на осигурување** е физичко лице на кое му припаѓа надоместот од осигурување. Надоместот од осигурување ќе го користи давателот на кредит во случај на винкулација, до висина на неотплатениот дел на кредитот.

**Договарач на осигурување** е лице кое склучува договор за осигурување на живот со осигурителот.

**Осигуреник** е физичко лице чијшто живот е осигуран, корисник на кредит или гарант (емец).

**Осигурител** е ГРАВЕ осигурување АД Скопје, Ул. Пиринска 23 Скопје

**Давател на кредит** е финансиска установа која има овластување за тој вид на дејност.

**Понуда** за склучување на договор за осигурување на живот е дел од договорот за осигурување на живот и ги содржи сите податоци врз основа на кои се изработува полиса за осигурување.

**Полиса за осигурување** е основна писмена исправа која ја следи работата во осигурување, одредувајќи ги правата и обврските на договорените страни.

### Обем на покритие

### Член 2.

Ова осигурување важи само за случај на смрт на осигуреникот.

### Склучување на договор

### Член 3.

Со договорот за осигурување на живот се уредуваат взаемните права и обврски на осигурителот, договарачот на осигурување и осигуреникот по Тарифите РКС5Л и РКС11Л.

### Услови за осигурување

### Член 4.

1. За осигурување на живот покрај овие услови на осигурување важат и Општите услови за осигурување на лица (АБП 2006) и Општите услови заосигурување на живот за случај на смрт (ЛВР 2006).

2. Составен дел на договорот за осигурување на живот го сочинуваат понудата за склучување на договор за осигурување на живот, полисата, сите општи и посебни услови за осигурување, клаузули како и посебни договори кои се договорени во пишана форма.

3. На понудата за склучување на договор за осигурување на живот и полисата се наведени:

- податоци за договарачот на осигурување и осигуреникот;

- податоци за пристапна старост на осигуреникот, односно датум на раѓање на осигуреникот врз основа на кој се пресметува пристапна старост, траење на осигурувањето, почеток на траење на осигурувањето, висина на осигурен износ, висина на годишна премија;
- Податоци за корисниците на осигурување;

4. Податоци за можни дополнителни ризици и здравствената состојба на осигуреникот се наведени само на понудата за склучување на договор за осигурување на живот. Прашањата на понудата се основа за процена на основните ризици.
5. Со потписот на понудата за склучување на договор за осигурување на живот, договарачот на осигурување и осигуреникот потврдуваат дека ги разбрале и дека се согласни со сите наведени податоци и објаснувања кои се составен дел на договорот за осигурување.

6. ова осигурување важи за основните ризици. Покритијата за сите посебни ризици се одредуваат со посебна изјава на договарачот со согласност на осигуреникот во писмена форма.

### Осигуреници

### Член 5.

1.Согласно договорот за осигурурување на живот се осигуруваат сите корисници на кредит или гаранти (емци) ако е тоа можно и ако склучување на договор сакаат давателот на кредит и корисникот на кредит, односно гарантот(емецот).

2. Осигуреници можат да бидат само корисници на кредит и/или гаранти (емци), ако во моментот на склучување на договорот за осигурување не се постари од 65 години (без лекарски преглед), односно 70 години (со лекарски преглед).

### Осигурен износ

### Член 6.

1.Во случај на смрт на осигуреникот осигурен износ е оној кој важи во моментот на смртта.

2. Износот кој е поголем од преостанатиот долг ќе му биде исплатен на корисникот на осигурување ако е наведен во полисата, а во спротивно на законските наследници на осигуреникот.

3. На давателот на кредитот му се исплатува осигурениот износ до висина на неотплатениот дел од кредитот (цесија).

4.Почетниот осигурен износ се намалувагодишно линеарно од почеток на осигурувањето.

### Неможност за побивање

### Член 7.

1.Осигурувачот се одрекува од ограничувањата кои се наведени во членовите 7. и 9. одОпштите услови за осигурување на живот во случај на смрт ЛВР 2006 до

висина на неотплатениот дел на кредитот, а највеќе до висината на осигурениот износ во моментот нас смрт на осигуреникот. Во тарифите РКС5Л и РКС11Л предвидена е еднократна доплата на премија во висина од 1‰ (промил) од винкулираниот осигурен износ до 50.000 евра, односно, 2‰ (промила) од винкулираниот осигурен износ над 50.000 евра.

2. Висината на осигураниот износ која не може да се побива изнесува највеќе до 100.000 евра по осигуреник.

.

### Премија за осигурување и пристапна старост

**Член 8.**

1.Премијата за осигурување се пресметува врз основа на полот и пристапната старост на осигуреникот, почетниот осигурен износ и траењето на осигурувањето.

2.Годишната премија за осигурувањеза тарифата РКС5Л е еднаква во текот на договореното плаќање на премија, освен ако не настапи свесна промена на ризикот(нпр. Промена на занимање, бавење со ризични спортови, подолг престој во климатски неповолни подрачја, политички несигурни подрачја и слично).

3.Премијата за осигурување за тарифа РКС11Л е еднократна, односно се уплатува еднаш за целокупното траење на осигурувањето, освен ако не настапи свесна промена на ризикот (нпр. Промена на занимање, бавење со ризични спортови, подолг престој во климатски неповолни подрачја, политички несигурни подрачја и слично).

4.Пристапната старост на осигуреникот претставува разлика во години помеѓу годината на почеток на траење на осигурувањето и годината на раѓање на осигуреникот.

### Почеток на осигурување и осигурително покритие

**Член 9.**

1.Почеток на осигурувањето е секогаш 01. во месецот во кој давателот на кредит го исплаќа кредитот. Покритието на осигурителот започнува од денот на потписот и заверката со печат од страна на одговорното лице на давателот на кредитот и потписот на договарачот на осигурувањето и/или на осигуреникот на понудата за склучување на договорот за осигурување на живот, но не пред датумот на почеток на осигурување кој е наведен на понудата и доспеаните уплати на премии на сметка на осигурителот.

2.Осигурителот го превзема покритието врз основа на веродостојните изјави на понудата за склучување на договорот за осигурување на живот, дека осигуреникот може да се смета здрав, потполно работоспособен, дека не се наоѓа не медицинска нега или под лекарски надзор, и дека почетниот осигурен износ не може да биде поголем од 300.000 евра.

3.Осигурителното покритие започнува од денот на доспевање на понудата за склучување на договорот за осигурување на живот кај осигурителот, но не пред денот кој е наведен на понудата како почеток ан траење на осигурувањето.

4. Осигурителното покритие престанува со денот на истекот на траењето на осигурувањето. Во случај на смрт на осигуреникот осигурителното покритие престанува во моментот на смртта на осигуреникот и настанува осигурен случај.

### Исклучување на покритие

**Член 10.**

Сите покритија на посебните штетни настани како и исклучување на обврските на осигурителот се опишани во член 8. и член 10. од Општите услови за осигурување на живот за случај на смрт ЛВР 2006.

### Понуда за осигурување и прифаќање на осигурувањето

**Член 11.**

1.За склучување на договор за осигурување на живот можат да се користат исклучиво обрасците за понуди од осигурителот. Пополнетите понуди треба да бидат доставени на осигурителот истиот или наредниот работен ден.

2. Осигурителот го задржува правото да во рок од 8 дена, односно 30 дена во случај да е потребен лекарски преглед, од приемот на понудата (со сите потребни документи, лекарски уверенија итн.) понудата ја одбие, или ја зголеми премијата за осигурување, ако здравствената состојба на осигуреникот претставува зголемен ризик или осигуреникот не е во можност да се осигура. Ако осигурителот за прифаќање на понудата побара зголемување на премијата, договарачот на осигурување има право да се откаже од договорот.

3.Одоговрите на прашањата во понудата за склучување на договор за осигурување се доволни за оцена на здравствената сосотојба на осигуреникот до висина на почетниот осигурен износ до 40.000 евра. Кај осигуран износ поголем од 40.000 евра задолжителен е лекарски преглед која договарачот на осигурување, односно осигуреникот мора да го изврши. Во тој случај, со понудата за склучување договор за осигурување на живот треба да се приложи документација од извршен лекарски преглед кој го плаќа договарачот на осигурување.

4. За секоја понуда прифатена од страна на осигурителот ќе биде издадена полиса.

### Предвремен раскин и зголемување на кредитот

**Член 12.**

1.Во случај на предвремено враќање или отплата на кредитот договорот за осигурување на живот може да се раскине со 01. во наредниот месец во кој осигурителот добие барање за раскинување на договорот за осигурување во писмена форма.

2.Во тој случај на договарачот на осигурување му припаѓа сразмерен дел од премијата до крајот на истекот на осигурителниот период за кој премијата е платена, а согласно изменетите услови за осигурување.

### Пријава и утврдување на штета

**Член 13.**

Сите постапки при настанување на осигурен случај се опишани во член 4. и член 9. од АБП 2006 како и во член 11. од Општите услови за осигурување на живот за случај на смрт ЛВР 2006.

### Промена на корисник на осигурување

**Член 14.**

Во текот на траење на осигурувањето договарачот на осигурување не може да го промени корисникот на осигурување без согласност од давателот на кредитот.

Извршен директор

Марко Микиќ

Акционерско друштво
за осигурување
ГРАВЕ
СКОПЈЕ